Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Комисија за организации со статус од јавен интерес

# Д Е Л О В Н И К
## ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИИ СО СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Скопје, август 2018 година

Врз основа на член 80 став 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10, 135/11 и 55/16), Комисијата за организации со статус од јавен интерес, на седницата одржана на 23.8. 2018 година, донесе

# Д Е Л О В Н И К
**за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој деловник се уредува внатрешната организација и начинот на работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес (во натамошниот текст: Комисијата), формирана со решение на Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата) бр.24-3609/7 од 17.7.2018 година („Службен весник на РМ“ бр.137/18).

**Член 2**

(1) Комисијата седниците ги одржува по правило во просториите на Владата.

(2) Комисијата нема свој печат и штембил. Актите и службената кореспонденција на Комисијата се заверуваат во архивата на Владата, со печат и штембил на Владата.

## II. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМИСИЈАТА

**Член 3**

(1) Комисијата е составена од претседател и десет членови од кои по еден претставник од: Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, Агенцијата за млади и спорт, како и двајца претставници на здруженија и фондации избрани преку јавен оглас.

(2) Претседателот и членовите на Комисијата со решение ги именува Владата.

(3) Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата е четири години.

**Надлежности на Комисијата**

**Член 4**

Комисијата ги врши следниве работи:

- дава предлози за доделување и престанок на статус на организација од јавен интерес до Владата,
- разгледува и дава мислења по деловни и финансиски извештаи за работата на организациите со статус од јавен интерес,
- предлага поведување прекршочна постапка,
- го утврдува годишниот извештај за својата работа за претходната година и го доставува до Владата, и
- годишниот извештај го објавува на својата веб-страница, како дел од веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Претседател на Комисијата**

**Член 5**

(1) Претседателот на Комисијата:

- одговорен е за законито, непристрасно и ефикасно извршување на работите од надлежност на Комисијата,
- ја претставува и раководи со работата на Комисијата,
- свикува седници на Комисијата и претседава со нив,
- определува известител од членовите на Комисијата по предмет од надлежност на Комисијата кој е ставен на дневен ред на седница;
- ги потпишува актите на Комисијата и се грижи за нивното спроведување,
- предлага мерки во случај на неспроведување на заклучоците на Комисијата,
- се грижи за подготовка и поднесување на годишен извештај за работа на Комисијата до Владата,
- одлучува за одржување на состаноци и советувања во врска со разгледување на прашања во надлежност на Комисијата,
- се грижи за спроведување на одредбите на овој деловник,
- врши и други работи во согласност со овој деловник.

(2) Во случај на спреченост, претседателот може да овласти член на Комисијата да свика седница на Комисијата и да раководи со неа, за што ја известува организационата единица за соработка со граѓански организации на Генералниот секретаријат на Владата.

**Членови на Комисијата**

**Член 6**

(1) Членовите на Комисијата:

- се одговорни за законито, непристрасно и ефикасно извршување на работите од надлежност на Комисијата,

- имаат право и должност да присуствуваат на седниците и да учествуваат во работата на Комисијата,
- учествуваат во расправата и одлучувањето по прашања за кои се расправа на седници на Комисијата,
- покренуваат иницијативи за унапредување на работата на Комисијата,
- учествуваат во вршењето на други работи од надлежност на Комисијата во согласност со овој Деловник и заклучоците на Комисијата.

(2) Членот на Комисијата кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седница на Комисијата е должен за тоа благовремено да го извести претседателот на Комисијата.

**Член 7**

(1) Административно-техничките работи на Комисијата ги врши организационата единица за соработка со граѓански организациина Генералниот секретаријат на Владата.

(2) Организационата единица за соработка со граѓански организации на Генералниот секретаријат на Владата:

- подготвува предлози за доделување статус на организација од јавен интерес по доставено барање од страна на здруженијата и фондациите,
- дава стручна и техничка помош на Комисијата во спроведувањето на нејзините активности,
- ги подготвува седниците на Комисијата,
- подготвува годишен извештај за работа на Комисијата,
- разгледува извештаи доставени од организациите со статус на јавен интерес и подготвува предлог до Комисијата за постапување по извештаите,
- одговара на прашања поставени од организациите со статус на јавен интерес и други заинтересирани лица,
- дава информации и совет за правните прашања што се однесуваат на организациите со статус на јавен интерес,
- доставува решение за доделување и одземање на статус од јавен интерес до Централниот регистар,
- одржува електронска база на податоци за работата на Комисијата и информација за регистрираните организации со статус на јавен интерес,
- ја следи работата на организациите со статус од јавен интерес,
- го објавува списокот на здруженија и фондации на кои им е доделен статус на организација од јавен интерес за претходната година и
- врши и други работи во согласност со овој деловник.

(2) Претставник на организационата единица за соработка со граѓански организации на Генералниот секретаријат на Владата учествува во работата на Комисијата без право на одлучување.

## III. НАЧИН НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА

**Доставување на материјали**

**Член 8**

(1) Барањата на организациите за добивање на статус на организација од јавен интерес се примаат во архивата на Владата, каде овластеното лице ги заверува со приемен печат со наведување на соодветниот број на предметот и прилозите кон него.

(2) Заверено барање, преку организационата единица за соработка со граѓански организации на Генералниот секретаријат на Владата, се предава на Комисијата, која стручно го разгледува.

(3) Ако се утврди дека барањето не е комплетно, Комисијата, преку организационата единица за соработка со граѓански организации на Генералниот секретаријат на Владата, ќе го повика подносителот на барањето и ќе му определи рок од 15 работни дена да постапи по укажувањето.

(4) Ако во рокот од став (3) на овој член организацијата не постапи по укажувањето, барањето ќе се смета дека не е поднесено.

**Свикување на седниците и утврдување на дневниот ред**

**Член 9**

(1) Работата на Комисијата се организира на начин со кој се обезбедува ефикасно и рационално вршење на работите и задачите од нејзина надлежност.

(2) Комисијата работи и одлучува за работите од својата надлежност на седници. `

(3) Седницата ја закажува и со неа раководи претседателот на Комисијата или член на Комисијата овластен од него.

**Член 10**

(1) Претседателот на Комисијата закажува седница по потреба.

(2) Претседателот на Комисијата, преку организационата единица за соработка со граѓански организации на Генералниот секретаријат на Владата, ги известува членовите на Комисијата за денот, часот и местото на одржување на седниците и тоа по правило најдоцна три дена пред одржувањето на седницата.

(3) По исклучок, заради итноста за постапување по одделни предмети, претседателот може да определи седницата да се одржи и во пократок рок.

(4) На почетокот на седницата, претседателот утврдува дали на седницата се присутни потребниот број членови за да може Комисијата полноважно да одлучува и го предлага распоредот на разгледување на прашањата по области.

**Член 11**

(1) Претседателот и членовите на Комисијата можат да определат ден во неделата или на две недели, односно месечен термин на одржување на седница на Комисијата, со точно утврден ден, време и место на одржување на седниците.

(2) Во случај кога заради спреченост на претседателот и членовите на Комисијата не може да се одржи седница во смисла на став 1 на овој член, организационата единица за соработка со граѓански организации на Генералниот секретаријат на Владата телефонски и на службена електронска пошта ќе ги извести членовите на Комисијата за измената на терминот и за тоа кога дополнително ќе се одржи седницата на Комисијата.

**Работа и одлучување на седниците на Комисијата**

**Член 12**

(1) Комисијата може да расправа кога на седницата се присутни повеќе од половината од членовите на Комисијата.

(2) Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

**Член 13**

(1) На седницата претседателот на Комисијата им дава збор на членовите на Комисијата – известители по предметите кои се ставени на дневен ред на седницата (поднесени барања од организациите за стекнување статус на организација од јавен интерес и предмети за кои од страна на организациите со статус од јавен интерес се поднесени деловни и финансиски извештаи за нивната работата).

(2) Членовите на Комисијата – известители по предметите ги изнесуваат битните прашања, околностите и фактите во врска со нацрт-решението по поднесените барања од организациите за стекнување статус од јавен интерес, како и ги образложуваат годишните деловни и финансиски извештаи на организациите со статус од јавен интерес.

3) Членовите на Комисијата имаат право да го разгледаат барањето, списите кон предметот, нацрт-решението, како и да постават прашања од значење за одлучување, а воедно и да ги разгледаат деловните и финансиски извештаи поднесени од организациите со статус од јавен интерес.

**Член 14**

(1) На седниците на Комисијата се води записник, апо

заклучувањето на расправата по барања од организациите за стекнување статус на организација од јавен интерес се составува записник за советување и гласање.

(2) Записникот од седниците на Комисијата содржи: име на претседавачот на седницата, имињата на присутните и отсутните членови

на Комисијата, утврден дневен ред на седницата, наводот за усвојување, односно изменување на записникот од претходната седница и заклучоци усвоени од Комисијата по одделните точки од дневниот ред, со наведување на името на организацијата за чие барање се расправа или чиј годишен деловен и финансиски извештај се разгледува, скратена содржина за тоа што е решено и резултатот од гласањето, причините за одложените точки од дневниот ред со наведување на предлагачот за одлагање, време и место на одржувањето на седницата, како и други прашања за текот на работата на седницата на Комисијата.

(3) Записникот за советување и гласање содржи: име на организацијата за чие барање за добивање на статус на организација од јавен интерес се расправа, одлуката на Комисијата по барањето и бројот на гласови со кои Комисијата ја донела одлуката.

(4) Доколку некој член на Комисијата има издвоено мислење, тоа посебно се внесува во записникот од седниците на Комисијата и во записникот за советување и гласање.

(5) Записникот од седниците на Комисијата и записникот за советување и гласање го потпишува претседателот на Комисијата и сите присутни членови на Комисијата.

(6) Записникот за советување и гласање може да се изготвува групно за повеќе поединечни предмети, со тоа што примерок од записникот се чува во секој предмет.

(6) За водење на записникот од седницата на Комисијата, за составување на записникот за советување и гласање и за чување на оригиналните записници се грижи организационата единица за соработка со граѓански организации на Генералниот секретаријат на Владата.

**Член 15**

(1) Предлогот за доделување и престанок на статус на организација од јавен интерес со предлог-решение, списите од предметот и записникот за советување и гласање, Комисијата ги доставува за разгледување и одлучување до Владата.

(2) Мислењето по деловниот и финансискиот извештај за работа на организациите со статус од јавен интерес со списите од предметот, Комисијата ги доставува за разгледување и одлучување до Владата.

(3) Предлогот за поведување на прекршочна постапка за одредена организација, Комисијата го доставува за разгледување и одлучување до Владата.

(4) Годишниот извештај за својата работа за претходната година, Комисијата го доставува до Владата.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Со денот на влегување во сила на овој деловник престанува да важи Деловникот за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес бр.28-2/1 од 7.5.2012 година.

**Член 17**

Овој деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 30 – 12/2
23.8.2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за организации
со статус од јавен интерес
Марија Митевска